**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 26 февруари 2021 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во четвртиот квартал од 2020 година

Во четвртиот квартал од 2020 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 72,4 милиони евра, главно како резултат на дефицитот во стоковната размена. Кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи од заеми, трговски кредити и директни инвестиции, а нето-одливи врз основа на портфолио-инвестиции и валути и депозити.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | | | | | претходна година | | | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2020 | Кв.2 2020 | Кв.3 2020 | Кв.4 2020 | **Кв.1-Кв.4.2020** | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | Кв.4 2019 | **Кв.1-Кв.4.2019** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-156.1** | **-91.9** | **-52.7** | **-72.4** | **-373.0** | **-175.0** | **-65.6** | **162.2** | **-293.9** | **-372.3** | **-19.7** | 37.5 | **221.5** | -75.4 | **-0.7** | 0.2 |
| Стоки | **-546.3** | **-352.4** | **-403.5** | **-506.6** | **-1,808.8** | **-475.1** | **-443.5** | **-436.3** | **-614.7** | **-1,969.6** | **-103.2** | 25.6 | **108.1** | -17.6 | **160.8** | -8.2 |
| Услуги | **164.8** | **105.0** | **83.1** | **78.9** | **431.8** | **102.0** | **96.8** | **174.5** | **-23.5** | **349.8** | **-4.2** | -5.1 | **102.4** | ...* | **82.0** | 23.4 |
| Примарен доход | **-100.4** | **-99.1** | **-106.0** | **-107.0** | **-412.4** | **-129.9** | **-127.7** | **-130.2** | **-131.9** | **-519.6** | **-1.0** | 1.0 | **24.9** | -18.9 | **107.2** | -20.6 |
| Секундарен доход | **325.8** | **254.6** | **373.7** | **462.3** | **1,416.4** | **328.0** | **408.8** | **554.1** | **476.2** | **1,767.1** | **88.6** | 23.7 | **-13.9** | -2.9 | **-350.7** | -19.8 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **4.3** | **1.1** | **3.6** | **9.3** | **0.6** | **0.1** | **5.9** | **1.6** | **8.2** | **2.5** | | **2.0** | | **1.1** | |
| **Финансиска сметка** | **-170.6** | **-70.9** | **-37.7** | **-54.0** | **-333.3** | **-176.1** | **-51.8** | **188.3** | **-265.6** | **-305.2** | **-16.2** | | **211.6** | | **-28.1** | |
| Директни инвестиции | **-135.9** | **6.7** | **7.8** | **-84.3** | **-205.7** | **-59.3** | **-29.2** | **-82.3** | **-192.5** | **-363.3** | **-92.1** | | **108.2** | | **157.6** | |
| Нето-стекнување средства | **106.1** | **-12.8** | **47.2** | **-271.9** | **-131.3** | **177.6** | **108.5** | **58.3** | **-219.5** | **124.9** | **-319.1** | | **-52.4** | | **-256.2** | |
| *Сопственички капитал* | **5.3** | **6.6** | **6.5** | **6.7** | **25.1** | **1.8** | **5.7** | **12.9** | **9.2** | **29.6** | **0.1** | | **-2.6** | | **-4.5** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3.2** | **2.5** | **2.4** | **2.1** | **10.2** | **2.2** | **2.2** | **2.2** | **2.2** | **8.9** | **-0.2** | | **-0.1** | | **1.3** | |
| *Должнички инструменти* | **97.6** | **-21.9** | **38.3** | **-280.7** | **-166.6** | **173.5** | **100.6** | **43.2** | **-231.0** | **86.4** | **-319.0** | | **-49.7** | | **-253.0** | |
| Нето-создавање обврски | **242.0** | **-19.5** | **39.4** | **-187.5** | **74.3** | **236.8** | **137.7** | **140.6** | **-27.0** | **488.2** | **-227.0** | | **-160.6** | | **-413.8** | |
| *Сопственички капитал* | **20.6** | **48.3** | **8.3** | **19.5** | **96.7** | **79.1** | **45.7** | **36.4** | **59.8** | **221.0** | **11.2** | | **-40.3** | | **-124.3** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **86.3** | **28.5** | **-30.2** | **-69.9** | **14.8** | **43.9** | **43.9** | **43.9** | **43.9** | **175.7** | **-39.7** | | **-113.8** | | **-161.0** | |
| *Должнички инструменти* | **135.1** | **-96.4** | **61.3** | **-137.2** | **-37.1** | **113.8** | **48.1** | **60.3** | **-130.7** | **91.5** | **-198.5** | | **-6.5** | | **-128.6** | |
| Портфолио-инвестиции | **31.6** | **-632.5** | **77.5** | **239.5** | **-283.8** | **22.3** | **19.9** | **72.7** | **36.3** | **151.2** | **162.0** | | **203.3** | | **-435.0** | |
| Валути и депозити | **71.8** | **130.5** | **175.6** | **111.4** | **489.4** | **35.0** | **-30.6** | **98.5** | **-29.3** | **73.6** | **-64.2** | | **140.7** | | **415.8** | |
| Заеми | **113.0** | **-166.7** | **-83.0** | **-132.8** | **-269.4** | **-16.9** | **-25.2** | **-54.9** | **-128.1** | **-225.2** | **-49.8** | | **-4.7** | | **-44.3** | |
| Трговски кредити | **-1.9** | **-13.2** | **-61.2** | **-100.3** | **-176.6** | **-153.2** | **-35.7** | **32.3** | **-160.8** | **-317.3** | **-39.1** | | **60.4** | | **140.7** | |
| Девизни резерви | **-249.3** | **604.0** | **-153.8** | **-86.3** | **114.6** | **-5.6** | **49.4** | **174.4** | **156.4** | **374.6** | **67.5** | | **-242.6** | | **-260.0** | |

...* процентуалната промена е над 100

** Сопственички капитал, освен реинвестирањето на добивката

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

## *Тековна сметка*

Во четвртиот квартал од 2020 година, во тековните трансакции со нерезиденти се остварени дефицити во стоковната размена и кај примарниот доход (506,6 и 107 милиони евра, соодветно), коишто го надминаа приливите остварени кај секундарниот доход и кај размената на услуги (462,3 и 78,9 милиони евра, соодветно).

На квартална основа, дефицитот во тековната сметка се зголеми за 19,7 милиони евра. Ваквата промена главно е резултат на зголемениот дефицит кај стоковната размена (за 103,2 милиона евра), а во помал дел и од намалениот суфицит во размената на услуги (за 4,2 милиона евра), во услови на зголемени нето-приливи кај секундарниот доход (за 88,6 милиони евра). Притоа, зголемениот дефицит кај стоковната размена од 103,2 милиона евра произлегува од поголемото зголемување на увозот во однос на зголемувањето на извозот на стоки (за 11,4 и 7,2%, соодветно).

Во споредба со истото тримесечје од минатата година, салдото на тековната сметка е подобрено за 221,5 милиони евра. Гледано преку придонесот на поодделни компоненти, годишната промена се објаснува со намалениот дефицит кај стоковната размена (108,1 милион евра), подобреното салдо во размената на услуги (за 102,4 милиони евра) и намалениот дефицит кај примарниот доход (за 24,9 милиони евра). Наспроти ова, послаби остварувања, односно намалување на нето-приливите има кај секундарниот доход (за 13,9 милиони евра).







Извор: НБРСМ

Во 2020 година, дефицитот во тековната сметка изнесува 373 милиони евра, што е речиси непроменето ниво во однос на 2019 година. Во однос на одделните компоненти, послаби остварувања се забележани кај салдото на секундарниот доход (намалени нето-приливи за 350,7 милиони евра), додека кај сите останати категории се забележува подобрување. Во

размената на стоки е забележан намален дефицит за 160,8 милиони евра, дефицитот на примарниот доход е понизок за 107,2 милиона евра, додека суфицитот во размената на услуги бележи подобрување од 82 милиона евра.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезидентите, во четвртиот квартал од 2020 година, се остварени нето-приливи од 54 милиони евра. Анализирано по категории, нето-приливи бележат заемите (132,8 милиони евра), трговските кредити (100,3 милиони евра) и директните инвестиции (84,3 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај портфолио-инвестициите (239,5 милиони евра) и валутите и депозити (111,4 милиони евра).

Во четвртиот квартал, кај директните инвестиции се остварени нето-приливи од 84,3 милиони евра. Анализирано по компоненти, ваквите остварувања се резултат на нето-приливите кај меѓукомпанискиот долг (143,5 милиони евра) и кај сопственичкиот капитал (12,8 милиони евра), при нето-одливи кај реинвестираната добивка (72 милиона евра). Во 2020 година, врз основа на директни инвестиции се остварени нето-приливи во износ од 205,7 милиони евра, што е намалување за 157,6 милиони евра во споредба со 2019 година. Притоа, во 2020 година, нето-приливи се евидентирани кај сите компоненти на директните инвестиции: меѓукомпанискиот долг (129,5 милиони евра), сопственичкиот капитал (71,6 милиони евра) и реинвестираната добивка (4,5 милиони евра).

Во четвртиот квартал од 2020 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] се намалени за 187,5 милиони евра, како резултат на намалените обврски врз основа на меѓукомпаниски долг (137,2 милиона евра) и реинвестирана добивка (69,9 милиони евра), делумно неутрализирани со зголемените обврски врз основа на сопственички капитал (19,5 милиони евра). Намалената реинвестирана добивка е резултат на релативно високиот износ на исплатени дивиденди во четвртиот квартал од годината во износ од 159,9 милиони евра. Збирно во 2020 година, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 74,3 милиони евра, што е помалку за 413,8 милиони евра во однос на 2019 година и е резултат на остварувањата кај сите три компоненти на директните инвестиции.

Во последниот квартал од годината, средствата врз основа на директни инвестиции се намалени за 271,9 милиони евра, како резултат на намалените побарувања врз основа на должнички инструменти (280,7 милиони евра), при раст на побарувањата врз основа на сопственички капитал (6,7 милиони евра) и реинвестирана добивка (2,1 милион евра). Збирно, за 2020 година, средствата се намалени за 131,3 милиони евра, наспроти оствареното зголемување (од 124,9 милиони евра) во 2019 година. Збирната промена (од

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

256,2 милиона евра) во најголем дел произлегува од намалените побарувања врз основа на должнички инструменти.

Во четвртиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 239,5 милиони евра, што во најголем дел се должи на достасувањето на обврските врз основа на четвртата еврообврзница во ноември, а во помал дел и на откупот на еврообврзници од претходни емисии, од страна на резиденти на странските финансиски пазари.

Нето-приливите врз основа на заеми од 132,8 милиони евра, во четвртиот квартал од 2020 година, во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај секторот „држава“ (96,6 милиони евра), а во помал дел и од нето-приливите кај останатите сектори[3] (48,4 милиони евра), наспроти намалените нето-обврски на секторот „депозитни институции“ (12 милиони евра). Збирно за 2020 година, нето-приливите врз основа на заеми изнесуваат 269,4 милиони евра, со позначителни нето-приливи кај секторот „држава“ (115,7 милиони евра), останатите сектори (113,3 милиони евра) и секторот „депозитни институции“ (42,4 милиони евра).

Во 2020 година, нето-приливите од портфолио-инвестиции (283,8 милиони евра), заеми (269,4 милиони евра), директни инвестиции (205,7 милиони евра) и трговски кредити (176,6 милиони евра) ги надминаа нето-одливите врз основа на валути и депозити (489,4 милиони евра), што овозможи целосно финансирање на дефицитот на тековната сметка од 373 милиони евра и зголемување на девизните резерви за 114,6 милиони евра.







Извор: НБРСМ.

---

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

### ***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – септември 2020 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, со ревизијата на податоците, дефицитот во тековната сметка е зголемен за 24 милиони евра, а нето-приливите кај капиталната сметка се зголемени за 3 милиони евра.

Кај финансиската сметка ревизијата се однесува на зголемување на нето-приливите кај директните инвестиции за 24,7 милиона евра и кај трговски кредити за 7 милиона евра, наспроти намалувањето на нето-приливите кај заемите за 1,6 милиони евра.

Ревизијата на податоците доведе до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – септември 2020 година за 10 милиони евра.

### ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 31 мај 2021 (референтен период, заклучно со март 2021 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).